# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## *НА ОПШТИНА ПРИЛЕП*

| Службен гласник на Општина Прилеп – Излегува по потреба | 4 Август 2006 година<br>Службен гласник број 8<br>Овој примерок чини 50 ден.<br>Годишна претплата 2000 ден. | Трезорска см. при НБРМ<br>100000000063095<br>Буџет на Општина Прилеп<br>756014065763013 |
|---|---|---|

*Адреса: Питу Гули бр.2, тел.416-454,* ***www.prilep.gov.mk, email:prilep@prilep.gov.mk***

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА МАНДАТОТ НА НАРЕДНИТЕ ТРОЈЦА КАНДИДАТИ ОД ЛИСТАТА НА КАНДИДАТИ ОД ВМРО - ДПМНЕ + ,ЗА ОСТАТОКОТ НА МАНДАТОТ НА СОВЕТОТ**

1. Решението за верификација на мандатот на наредните тројца кандидати од листата на кандидати од ВМРО - ДПМНЕ+ за остатокот на мандатот на Советот, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 1461/1 ГРАДОНАЧАЛНИК
04.08.2006 година на Општина Прилеп
Прилеп Марјан Ристески

Врз основа на член 76 став 1 од Законот за локалните избори ("Службен весник на РМ" бр. 45/2004 - пречистен текст) и член 26 став 1 точка 46 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003 и 4/2005), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 03.08.2006 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за верификација на мандат

1. На Неждет Исамилоски, Катерина Танеска и Кети Благоеска им се верифицира мандатот на членови на Советот на Општина Прилеп од листата на кандидати на коалицијата ВМРО - ДПМНЕ +, за остатокот на мандатот.

2. Свечената изјава, членовите на Советот, ја потпишуваат пред претседателот на Советот.

3. Решението влегува во сила со денот на објавувањето "Службен гласник на Општина Прилеп.

4. Решението да се достави до именованите, Градоначалникот и архивата на Општина Прилеп.

Број 07 - 1451/ 2 ПРЕТСЕДАТЕЛ
03.08.2006 година на Советот на Општина Прилеп
Прилеп Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПОДИГАЊЕ,ЧУВАЊЕ, ОДРЖУВАЊЕ, ЗАШТИТА И КОРИСТЕЊЕ НА СПОМЕН - ОБЕЛЕЖЈЕ - СПОМЕН ПЛОЧА ВО ЧЕСТ НА ЗАГИНАТИТЕ НА "КАРПАЛАК"**

1. Одлуката за подигање, чување, одржување, заштита и користење на спомен - обележје - спомен плоча во чест на загинатите на "Карпалак", се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 1461/2 ГРАДОНАЧАЛНИК
04.08.2006 година на Општина Прилеп
Прилеп Марјан Ристески

Врз основа на член 18 став 1 од Законот за меморијалните споменици и спомен обележјата ("Службен весник на РМ" бр. 66/2004), член 36 став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен

весник на РМ" бр.5/2002) и член 26 став 1, точка 46 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" 6/2003 и 4/2005), Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на 03.08.2006 година, донесе:

**О Д Л У К А**

за подигање, чување, одржување, заштита и користење на спомен обележје - спомен плоча во чест на загинатите на Карпалак

**Член 1**

Со оваа Одлука во чест на загинатите припадници на вооружените сили на РМ во 20001 година, жители на општините Прилеп, Кривогаштани и Долнени, се подига спомен обележје - спомен плоча.

**Член 2**

Локацијата на Спомен плочата заедно со целото партерно решение се наоѓа на спојот на улиците: "Борис Кидриќ", "Јоска Јорданоски" и Булевар "Маршал Тито" или поточно на просторот пред тринаесеткатниот станбен објект.

Површината на целиот комплекс изнесува околу 2.000 м2, а изведбата на првата фаза е на површина од 397 м2.

Спомен плочата ќе биде изработена од локални материјали - гранит и мермер, на која ќе бидат впишани имињата на десетте загинати бранители во воените дејствија во 2001 година кај месноста "Карпалак".

**Член 3**

За реализација на иницијативата за подигање на Спомен обележјето е задолжено Јавното претпријатие за просторни и урбанистички планови.

Одговорно лице - координатор на активностите е Карески Илија, дипломиран инжинер архитект, раководител на Одделението за комунално уредување.

**Член 4**

Советот на Општината ќе управува и ќе се грижи за чување, одржување, заштита и користење на спомен обележјето.

**Член 5**

Потребните средства за подигањето на спомен обележјето се обезбедени од Министерството за одбрана и Буџетот на Општина Прилеп.

**Член 6**

Потребните средства за чување на обележјето ќе се обезбедуваат од Буџетот

на Општина Прилеп.

**Член 7**

Рокот за подигање на спомен обележјето е 8-ми Август 2006 година.

**Член 8**

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 1451/3 — ПРЕТСЕДАТЕЛ
03.08.2006 година — на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п — Димитар Стevананција

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УАЕ БРОЈ 1,УРБАН БЛОК 1/3, УРБАН МОДУЛ 2 ВО ПРИЛЕП**

1.Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за УАЕ број 1, урбан блок 1/3, урбан модул 2 во Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 1461/3 — ГРАДОНАЧАЛНИК
04.08.2006 година — на Општина Прилеп
П р и л е п — Марјан Ристески

Врз основа на чл.26,ст.4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, ("Сл.весник на РМ"бр.51/05), чл.22 ст.1,т.1 и чл.36 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ"бр.5/02) и чл.14 ст.1 т.1 и чл.26 од Статутот на општина Прилеп ("Сл.гласник на општина Прилеп" бр.6/03),Советот на општина Прилеп на седницата одржана на ден 03.08.2006 година, донесе:

**О Д Л У К А**

за донесување на Детален урбанистички план за УАЕ бр.1,урбан блок 1/3 урбан модул 2 во Прилеп

Чл.1

Се донесува Детален урбанистички план за УАЕ бр.1,урбан блок 1/3, урбан модул 2 во Прилеп,(во понатамошниот текст:планот), како што е означено во графичките прилози кои што се составен дел на оваа Одлука.

Планот го опфаќа локалитетот со следните граници:од југозападната страна ул."Марксова",од северозападната страна ул."Шаќир Војвода", од североисточната страна ул."Поп Спасе Игуменов" и од југоисточната страна ул."Јуриј Гагарин".

Чл.2

Планот од чл.1 на оваа Одлука ги содржи следните прилози:

-Предлог План изготвен од ДОО"Урбанизам"-Битола со техн.бр.12-1/05 од Март 2006г;

-Стручна ревизија на Нацрт Планот изготвена од "Ин-Пума"Скопје со техн.бр.69/2005 од мај 2005г.

-Одговор на стручната ревизија од изготвувачот на планот од јуни 2005год. техн.бр.12-1/05;

-Стручно мислење од Министерството за транспорт и врски бр.13-7877 од 11.07.2005г.-Сектор за уредување на просторот;

-Одлука за утврдување на Нацрт планот бр.07-2813/15 од 13.12.2005г;

-Одлука за организирање на јавна презентација и јавна анкета по Нацрт планот бр.24-427/1 од 20.12.2005г.

-Соопштение за организирање на јавна анкета бр.24-777/7 од 20.12.2005г.на 24 и 25.12.2005г. објавено во печатен медиум.

-Записник од стручна консултација по нацрт планот бр.09-29/2 од 17.01.2006г;

-Извештај по спроведена јавна презентација и јавна анкета по Нацрт ДУП бр.09-78/2 од 17.01.2006г;

-Известие за постапување по извештајот бр.09-78/3 од 04.04.2006г;

-Програма за изработка на урбанистички планови за општина Прилеп за 2005 година ;

-Доставување на барање за согласност за Предлог План бр.09-78/4 од 17.04.2006г. и бр.09-78/5 од 09.05.2006г;

-Согласност од Министерството за транспорт и врски за Предлог План на ДУП за УАЕ бр.1,урбан блок 1/3, урбан модул бр.2 бр.18-7784 од 10.05.2006г.

-Предлог План изготвен од"Урбанизам"ДОО-Битола со тех.бр.12-1/05 од Март 2006г;

-Комплетен примерок од Предлог Планот техн.12-1/05 изработен од ДОО "Урбанизам"Битола, кој содржи:

**Проектна програма**

**Предлог План-**текстуален дел
**Општ дел**

-Регистрација на проектанската организација;
-Лиценца за носител на изработување на урбанистички планови
-Проектанти кои учествуваат при изработката на ДУП

**Текстуален дел**
1.Планиран развој
2.Табеларен биланс на површини за градба
3.Параметри за уредување на просторот

**Графички дел-планиран развој**
1.Синтезен графички приказ
-Сообраќај и инфратруктура М=1:1000

**Документациона основа**
1.Анализа на постојна состојба
-Табеларен биланс на постојни површини

**Графички дел-документациона основа**
1.Извод од ГУП М=1:5000
2Извод од ДУП М=1:1000
3.Ажурирана геодетска подлога М=1:1000
4.Инвентаризација на постоен градежен фонд М=1:1000

Чл.3

Планот се заверува во рок од 8(осум)дена од денот на донесувањето, во 7(седум) примероци, од кои: еден се чува во архивата на Советот, еден кај органот што го спроведува, еден во надлежниот државен архив,еден примерок се доставува до Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот,еден примерок се доставува до Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, еден примерок се доставува до Државниот завод за геодетски работи и еден примерок се изложува кај донесувачот на Планот, заради достапност на јавноста.

Заверката со потпис и печат ќе ја изврши претседателот на Советот на општина Прилеп.

Чл.4

Советот на општина Прилеп е должен во рок од 30 дена од донесувањето на Планот да обезбеди картирање на Планот на хамер или астралон. Картираните подлоги се предаваат на Државниот Завод за геодетски работи на чување и користење, како подлоги за издавање на нумерички податоци.

Чл.5

Планот ќе го спроведува надлежниот орган на општина Прилеп.

Чл.6

Оваа Одлука со заверен примерок од Планот се доставува до Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот.

Чл.7

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Прилеп".

Број 07 - 1451/4 ПРЕТСЕДАТЕЛ
03.08.2006 година Советот на општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УАЕ БРОЈ 2 - ДЕЛ, УРБАН БЛОК 2/3, УРБАН МОДУЛ 1 ВО ПРИЛЕП**

1. Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за УАЕ број 2 - дел, урбан блок 2/3, урбан модул 1 во Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

| | |
|---|---|
| Број 08 - 1461/4 | ГРАДОНАЧАЛНИК |
| 04.08.2006 година | на Општина Прилеп |
| П р и л е п | Марјан Ристески |

Врз основа на чл.24 ст.2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, ("Сл.весник на РМ"бр.51/05), чл.22 ст.1,т.1 и чл.36 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ"бр.5/02) и чл.14 ст.1 т.1 и чл.26 од Статутот на општина Прилеп ("Сл.гласник на општина Прилеп"бр.6/03), Советот на општина Прилеп на седницата одржана на ден 03.08.2006 година, донесе:

**О Д Л У К А**

за донесување на Детален урбанистички план за УАЕ бр.2 - дел, урбан блок 2/3, урбан модул 1 во Прилеп

Чл.1

Се донесува Детален урбанистички план за дел од УАЕ бр.2 - урбан блок 2/3, урбан модул 1, во Прилеп (во натамошниот текст:Планот), како што е означено во графичките прилози кои што се стоставен дел на оваа Одлука.

Планот го опфаќа локалитетот со следните граници: од исток ул."Војводинска", во должина од 117м, од запад новопроектирана ул.ица во должина од 110 м. од север , крак од ул."Војводинска" во должина од 172 м. и од југ со површини со друга намена во должина од 175 м.

Чл.2

Планот од чл.1 на оваа Одлука ги содржи следните прилози:

- Извод од Програмата за изработка на урбанистички планови за општина Прилеп за 2005г, каде е предвиден Планот што се изработува;

- Нацрт План изработен од ДООЕЛ "Урбан проект" од Прилеп со техн. бр. 86/2005 од Мај 2005 г.

- Стручна ревизија на Нацрт - Планот изготвена од "ИН Пума" од Скопје со техн. бр. 75/2005 од Јуни 2005 г;

- Одговор на Стручната ревизија од изготвувачот на Планот од Јуни 2005 г;

- Стручно мислење од Министерството за транспорт и врски бр. 13 - 7878 од 12.07.2005 г - Сектор за уредување на просторот - Скопје;

- Одлука за утврдување на Нацрт - Планот бр. 07 - 2813/14 од 13.12.2005 г;

- Одлука за организирање на јавна презентација и јавна анкета по Нацрт - Планот, бр. 24-427/1 од 20.12.2005 г;

- Соопштение за организирање на јавна анкета од 24.12.2005 г, објавено во печатен медиум;

- Записник од стручна консултација по Нацрт - Планот, бр. 23 - 17/2 од 10.03.2005 г;

- Извештај по спроведена јавна презентација и јавна анкета по Нацрт - Планот бр. 09 - 466/1 од 21.03.2006 г;

- Известување за постапување по Извештајот бр. 09 - 466/2 од 21.03.2006 г;

- Доставување на Барање за согласност на Предлог - План бр 09 - 466/3 од 22.03.2006 год;

- Согласност од Министерството за транспорт и врски на Предлог - Планот за ДУП за УАЕ бр. 2 дел, урбан блок 2/3, урбан модул 1, бр. 18 - 5801 од 08.05.2006 година.

- Комплетен примерок од Предлог - Планот техн. бр. 85/2005 изработен од ДООЕЛ "Урбан Проект" од Прилеп, кој содржи:

Општ дел:

1.Насловен лист;

2.Содржина

3.Регистрација на Проектанската организација

4.Лиценца за носител на изработување на урбанистички планови

5.Проектанти кои учествуваат при изработка на ДУП.

-Текстуален дел:

6. Планиран развој

7. Параметри

8. Документациона основа

**Графички дел-планиран развој**

1.Синтезен графички план М=1:1000

2. Инфратруктура М=1:1000

- Сообраќаен и нивелационен план

- Електроенергетска и хигро-техничка инфраструктура

Графички дел - документациона основа

| | |
|---|---|
| 1. Извод од ГУП | М=1:2500 |
| 2. Ажурирана геодетска подлога | М=1:1000 |
| 3. Извод од ДУП | М=1:1000 |
| 4. Валоризација на објекти | М=1:1000 |

Чл.3

Планот се заверува во рок од 8(осум)дена од денот на донесувањето, во 7(седум) примероци, од кои: еден се чува во архивата на Советот, еден кај органот што го спроведува, еден во надлежниот државен архив,еден примерок се доставува до Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот,еден примерок се доставува до Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, еден примерок се доставува до Државниот завод за геодетски работи и еден примерок се изложува кај донесувачот на Планот, заради достапност на јавноста.

Заверката со потпис и печат ќе ја изврши претседателот на Советот на општина Прилеп.

Чл.4

Советот на општина Прилеп е должен во рок од 30 дена од донесувањето на Планот да обезбеди картирање на Планот на хамер или астралон. Картираните подлоги се предаваат на Државниот Завод за геодетски работи на чување и користење, како подлоги за издавање на нумерички податоци.

Чл.5

Планот ќе го спроведува надлежниот орган на општина Прилеп.

Чл.6

Оваа Одлука со заверен примерок од Планот се доставува до Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот.

Чл.7

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Прилеп".

Број 07 - 1451/5 ПРЕТСЕДАТЕЛ
03.08.2006 година на Советот на општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стеванаџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УАЕ БРОЈ 20 - ДЕЛ, УРБАН БЛОК 20/4, УРБАН МОДУЛ 1ВО ПРИЛЕП**

1. Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за УАЕ број 20 - дел, урбан блок 20/4, урбан модул 1 во Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп.

Број 08 - 1461/5 ГРАДОНАЧАЛНИК
04.08.2006 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на чл.24 ст.2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, ("Сл.весник на РМ"бр.51/05), чл.22 ст.1,т.1 и чл.36 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ"бр.5/02) и чл.14 ст.1 т.1 и чл.26 од Статутот на општина Прилеп ("Сл.гласник на општина Прилеп"бр.6/03), Советот на општина Прилеп на седницата одржана на ден 03.08.2006 година, донесе:

**О Д Л У К А**
за донесување на Детален урбанистички план за УАЕ бр.20 - дел, урбан блок 20/4, урбан модул 1 во Прилеп

Чл.1

Се донесува Детален урбанистички план за дел од УАЕ бр.20, урбан блок 20/4, урбан модул 1, во Прилеп (во натамошниот текст:Планот), како што е означено во графичките прилози кои што се стоставен дел на оваа Одлука.

Планот го опфаќа локалитетот со следните граници: од североисток ул."Осоговска ", во должина од 45м, југозапад новопроектирана колскопешачка улица во должина од 299 м. од југоисток ул."Осоговска" во должина од 204 м. и од југ со новопроектирана улица во должина од 105,5 м.

Чл.2

Планот од чл.1 на оваа Одлука ги содржи следните прилози:

- Извод од Програмата за изработка на урбанистички планови за општина Прилеп за 2005г, каде е предвиден Планот што се изработува;
- Нацрт План изработен од ДООЕЛ "Урбан проект" од Прилеп со техн. бр. 86/2005 од Мај 2005 г.
- Стручна ревизија на Нацрт - Планот изготвена од "ИН Пума" од Скопје со техн. бр. 74/2005 од Јуни 2005 г;
- Одговор на Стручната ревизија од изготвувачот на Планот од Јуни 2005 г;
- Стручно мислење од Министерството за транспорт и врски бр. 13 - 7892 од 11.07.2005 г - Сектор за уредување на просторот - Скопје;
- Одлука за утврдување на Нацрт - Планот бр. 07 - 2813/14 од 13.12.2005 г;
- Одлука за организирање на јавна презентација и јавна анкета по Нацрт - Планот, бр. 24-427/1 од 20.12.2005 г;
- Соопштение за организирање на јавна анкета од 24.12.2005 г, објавено во печатен медиум;
- Записник од стручна консултација по Нацрт - Планот, бр. 24 - 17/2 од 10.03.2005 г;
- Извештај по спроведена јавна презентација и јавна анкета по Нацрт - Планот бр. 09 - 29/2 од 17.01.2006 г;
- Известување за постапување по Извештајот бр. 09 - 465/2 од 21.03.2006 г;
- Доставување на Барање за согласност на Предлог - План бр.09 - 465/3 од 22.03.2006 год;
- Согласност од Министерството за транспорт и врски на Предлог - Планот за ДУП за УАЕ бр. 20 - дел, урбан блок 20/4, урбан модул 1, бр. 18 - 5799 од 08.05.2006 година.
- Комплетен примерок од Предлог - Планот техн. бр. 87/2005 изработен од ДООЕЛ "Урбан Проект" од Прилеп, кој содржи:

Општ дел:
1. Насловен лист;
2.Содржина

3.Регистрација на Проектанската организација

4.Лиценца за носител на изработување на урбанистички планови

5. Проектанти кои учествуваат при изработка на ДУП.

Текстуален дел:

6. Планиран развој

7. Параметри

8. Документациона основа

**Графички дел-планиран развој**

1.Синтезен графички план
М=1:1000

2. Инфратруктура
М=1:1000

- Сообраќаен и нивелационен план
- Електроенергетска и хигро-техничка инфраструктура

Графички дел - документациона основа

1. Извод од ГУП М=1:2500
2. Ажурирана геодетска подлога М=1:1000
3. Извод од ДУП М=1:1000
4. Валоризација на објекти М=1:1000

Чл.3

Планот се заверува во рок од 8(осум)дена од денот на донесувањето, во 7(седум) примероци, од кои: еден се чува во архивата на Советот, еден кај органот што го спроведува, еден во надлежниот државен архив,еден примерок се доставува до Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот,еден примерок се доставува до Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, еден примерок се доставува до Државниот завод за геодетски работи и еден примерок се изложува кај донесувачот на Планот, заради достапност на јавноста.

Заверката со потпис и печат ќе ја изврши претседателот на Советот на општина Прилеп.

Чл.4

Советот на општина Прилеп е должен во рок од 30 дена од донесувањето на Планот да обезбеди картирање на Планот на хамер или астралон. Картираните подлоги се предаваат на Државниот Завод за геодетски работи на чување и користење, како подлоги за издавање на нумерички податоци.

Чл.5

Планот ќе го спроведува надлежниот орган на општина Прилеп.ж

Чл.6

Оваа Одлука со заверен примерок од Планот се доставува до Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот.

Чл.7

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Прилеп".

Број 07 - 1451/6 ПРЕТСЕДАТЕЛ
03.08.2006 година на Советот на општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стеванаџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

## З А К Л У Ч О К
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УАЕ БРОЈ 8, УРБАН БЛОК 8/1, УРБАН МОДУЛ 4 ВО ПРИЛЕП

1. Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за УАЕ број 8, урбан блок 8/1, урбан модул 4 во Прилеп**,** се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 1461/7 ГРАДОНАЧАЛНИК
04.08.2006 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на чл.26,ст.4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, ("Сл.весник на РМ"бр.51/05), чл.22 ст.1,т.1 и чл.36 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ"бр.5/02) и чл.14 ст.1 т.1 и чл.26 од Статутот на општина Прилеп ("Сл.гласник на општина Прилеп" бр.6/03),Советот на општина Прилеп на седницата одржана на ден 03.08.2006 година, донесе:

## О Д Л У К А
за донесување на Детален урбанистички план за УАЕ бр.8,урбан блок 8/1, урбан модул 4 во Прилеп

Чл.1

Се донесува Детален урбанистички план за УАЕ бр.8,урбан блок 8/1, урбан модул 4 во Прилеп,(во понатамошниот текст:планот), како што е означено во графичките прилози кои што се составен дел на оваа Одлука.

Планот го опфаќа локалитетот со следните граници: од источната страна ул."Јоле Андоноски", од јужната страна ул."Будимаж", од западната страна дворните површини на објектите на ул."Маршал Тито" број 77, на улица "Будимаж" бр. 18-Д и ул."Бидимаж" број 16 и ново предвидената сообраќајница и паркинзи, а од северната страна ул."Маршал Тито".

Чл.2

Планот од чл.1 на оваа Одлука ги содржи следните прилози:

-Предлог План изготвен од ДОО"Урбанизам"Битола со техн. бр.15/04 од Март 2006 на.

-Стручна ревизија на Нацрт Планот изготвена од "Ин-Пума"Скопје со техн.бр. 68/2005 од Мај 2005 г.

-Одговор на стручната ревизија од изготвувачот на Планот од Јуни 2005 г. техн. бр . 16/05;

-Стручно мислење од Министерството за транспорт и врски бр.13-7876 од 12.07.2005г. - Сектор за уредување на просторот;

-Одлука за утврдување на Нацрт планот бр.07-2813/16 од 13.12.2005г;

-Одлука за организирање на јавна презентација и јавна анкета по Нацрт Планот, бр.09-9/1 од 09.01.2006г.

-Соопштение за организирање на јавна анкета бр.24-778/7 од 20.12.2005г. - објавено во печатен медиум;

- Записник од стручна консултација по Нацрт - Планот бр. 09 - 29/2 од 17.01.2006 година;

-Извештај по спроведена јавна презентација и јавна анкета по Нацрт - ДУП бр. 09-76/2 од 17.01.2006г;

-Известие за постапување по извештајот бр.09-76/3 од 04.04.2006г;

- Програма за изработка на урбанистички планови за Општина Прилеп за 2005 година;

- Доставување на барање за согласност за Предлог - План бр. 09 - 76/4 од 17.04.2006 г. и бр. 09-76/5 од 07.06.2006г.

-Согласност од Министерството за транспорт и врски за Предлог - План на ДУП за УАЕ бр.8, урбан блок 8/1, урбан модул бр. 4, бр. 18-7790/2 од 14.06.2006г.

-Комплетен примерок од Предлог Планот изработен од ДОО "Урбанизам" Битола, со техн. бр.15/04 од Март 2006 г., кој содржи:

**Проектна програма**

**Предлог План-**текстуален дел

**Општ дел**

-Регистрација на проектанската организација;

-Лиценца за носител на изработување на урбанистички планови

-Проектанти кои учествуваат при изработката на ДУП

**Текстуален дел**

1.Планиран развој

2.Табеларен биланс на површини за градба

3.Параметри за уредување на просторот

**Графички дел-планиран развој**

1.Синтезен графички приказ

-Сообраќај и инфратруктура М=1:1000

**Документациона основа**

1.Анализа на постојна состојба

-Табеларен биланс на постојни површини

**Графички дел-документациона основа**

1.Извод од ГУП М=1:5000

2. Извод од ДУП М=1:1000

3.Ажурирана геодетска подлога М=1:1000

4.Инвентаризација на постоен градежен фонд М=1:1000

Чл.3

Планот се заверува во рок од 8(осум)дена од денот на донесувањето, во 7(седум) примероци, од кои: еден се чува во архивата на Советот, еден кај органот што го спроведува, еден во надлежниот државен архив,еден примерок се доставува до Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот,еден примерок се доставува до Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, еден примерок се доставува до Државниот завод за геодетски работи и еден примерок се изложува кај донесувачот на Планот, заради достапност на јавноста.

Заверката со потпис и печат ќе ја изврши претседателот на Советот на општина Прилеп.

Чл.4

Составен дел на оваа Одлука е Извештајот од јавната анкета и стручната консултација бр. 09 - 76/2 од 17.01.2006 год, со образложение за прифаените и неприфатените забелешки, изработен од Стручна комисија, формирана од Градоначалникот на Општината.

Чл.5

Советот на општина Прилеп е должен во рок од 30 дена од донесувањето на Планот да обезбеди картирање на Планот на хамер или астралон. Картираните подлоги се предаваат на Државниот Завод за геодетски работи на чување и користење, како подлоги за издавање на нумерички податоци.

Чл.6

Планот ќе го спроведува надлежниот орган на општина Прилеп.

Чл.7

Оваа Одлука со заверен примерок од Планот се доставува до Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот.

Чл.8

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Прилеп".

Број 07 - 1451/8 ПРЕТСЕДАТЕЛ
03.08.2006 година на Советот на општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп"

бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОЦИТЕ ПО КВАРТАЛНИОТ ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ПРИЛЕП ЗА 2006 ГОДИНА, ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.04 ДО 30.06.2006 ГОДИНА**

1.Заклучоците по Кварталниот финансиски извешај за извршување на Буџетот на Општина Прилеп за 2006 година, за периодот од 01.04 до 30.06.2006 година, се објавуваат во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 1461/6-1 ГРАДОНАЧАЛНИК
04.08.2006 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 26 став 1 точка 46 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 03.08.2006 година, расправајќи по Кварталниот финансиски извештај за извршување на Буџетот на Општина Прилеп за 2006 година, за периодот од 01.04. до 30.06.2006 година, донесе:

**З А К Л У Ч О Ц И**
по Кварталниот финансиски извештај за извршување на Буџетот на Општина Прилеп за 2006 година, за периодот од 01.04. до 30.06.2006 година

1. Се усвојува Кварталниот финансиски извештај за извршување на Буџетот на Општина Прилеп за 2006 година, за периодот од 01.04. до 30.06.2006 година.

2. Одделението за администрирање на даноци да направи анализа за можноста од поинаква распределба на комуналната такса, зависно од дејноста што ја обавува обврзникот на комуналната такса.

Анализата да биде основа за промена на Одлуката за комунални такси.

3. Заклучоците ќе се објават во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 1451/7-1 ПРЕТСЕДАТЕЛ
03.08.2006 година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стеванаџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА КВАРТАЛНИОТ ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ПРИЛЕП ЗА 2006 ГОДИНА, ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.04 ДО 30.06.2006 ГОДИНА**

1. Кварталниот финансиски извешај за извршување на Буџетот на Општина Прилеп за 2006 година, за периодот од 01.04 до 30.06.2006 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 1461/6 ГРАДОНАЧАЛНИК
04.08.2006 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

## *С О Д Р Ж И Н А*
## *на "Службен гласник на Општина Прилеп" број 8 од 04.08.2006 година*

1. Решение за верификација на мандатот на наредните тројца кандидати од листата на кандидати од ВМРО - ДПМНЕ + за остатокот на мандатот на Советот........................................................................................................... **Стр. бр.1**

2. Одлука за подигање, чување, одржување, заштита и користење на спомен - обележје - спомен плоча во чест на загинатите на "Карпалак"........................................................................................................ **Стр. бр.2**

3. Одлука за донесување на Детален урбанистички план за УАЕ број 1, урбан блок 1/3, урбан модул 2 во Прилеп. ................................................... **Стр. бр.2**

4. Одлука за донесување на Детален урбанистички план за УАЕ број 2 - дел, урбан блок 2/3, урбан модул 1 во Прилеп. .......................................... **Стр. бр.4**

5. Одлука за донесување на Детален урбанистички план за УАЕ број 20 - дел, урбан блок 20/4, урбан модул 1 во Прилеп. ......................... **Стр. бр.5**

6. Одлука за донесување на Детален урбанистички план за УАЕ број 8, урбан блок 8/1, урбан модул 4 во Прилеп.................................................... **Стр. бр.6**

7. Заклучоци по Кварталниот финансиски извештај за извршување на Буџетот на Општина Прилеп за 2006 година, за периодот од 01.04 до 30.06.2006 година. ......................................................................................................... **Стр. бр.8**

8. Квартален финансиски извештај за извршување на Буџетот на Општина Прилеп за 2006 година, за периодот од 01.04 до 30.06.2006 година..... ................................................................................................................ **Стр. бр.9**

ИЗДАВА: Општина Прилеп
ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК: Марјан Ристески - Градоначалник на Општина Прилеп
ДИЗАЈН И КОМПЈУТЕРСКА ОБРАБОТКА: Горица Чатлеска
ПЕЧАТИ: Одделение за правни и општи работи. Тираж: 60 примероци.